

**Александра Савевска, Соработник на проект**
asv@mcms.mk
+389 2 3068 381

Александра Савевска е родена на 21 март 1985 година во Скопје. Дипломира на Филозофскиот факултет во Скопје на институтот за Психологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Како аплсолвент на психологија, со стипендија од Универзитетот во Јончипег се запишува на Универзитет на Југоисточна Европа на Факултетот за јавна администрација и политички науки и се стекнува со диплома по Лидерство и младинска работа во заедницата. Магистерски студии по демократија и човекови права завршува на Универзитетот во Болоња и Универзитетот во Сараево како стипендист на Регионалната европска магистерска програма за демократија и човекови права (ЕРМА).

Од 2008 е активно вклучена во граѓанскиот сектор во Македонија и регионот како волонтер, проектен координатор и истражувач покривајќи теми поврзани со човековите права, социјалната заштита и социјалната инклузија. Во МЦМС се вклучува во 2018 година во Одделението за граѓанско општество и демократизација како координатор на програмата Одржливо граѓанско општетсво – државно финансирање за граѓански организации.